КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
бр. 01-1804/1
22.03 2019 год.
А.Д. СКОПЈЕ

# СТАТУТ

## НА КБ ПРВ ОТВОРЕН ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД - СКОПЈЕ

**Скопје, Март 2019 година**

**Врз основа на член 3 од Одлуката за давање согласност донесена од страна на Надзорниот одбор на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје бр.02-7183/7 од 13.12.2018 година, Управниот одбор на КБ Прво друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови АД Скопје подготви и утврди пречистен текст на Статутот на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд - Скопје, кој ги опфаќа Статутот на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје, Одлуката за измена на Статутот на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје бр.02-2600/3 од 03.03.2010 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје бр. 02-12954/2 од 08.11.2010 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје бр. 02-6539/4 од 09.06.2011 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје бр.02-9110/4 од 22.08.2011 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје бр.02-2170/6 од 22.02.2013 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје бр.02-5587/3 од 15.05.2014 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје бр.02-7561/2 од 29.06.2016 година, Одлуката за измена и дополнување на Статутот на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје бр.02-3734/3 од 09.07.2018 година и Одлуката за измена и дополнување на Статутот на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје бр.02-6919/3 од 03.12.2018 година**

# СТАТУТ

**на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд - Скопје**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

**Овој акт е основен акт на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд - Скопје.**

**Со овој Статут се уредуваат називот, дефинирање и седиштето на доброволниот пензиски фонд, управувањето со доброволниот пензиски фонд, претставувањето и застапувањето на доброволниот пензиски фонд, чување на средствата на доброволниот пензиски фонд, начинот и условите на зачленувањето на лица определени во Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, во доброволниот пензиски фонд, уплатување на доброволните придонеси и нивно евидентирање, инвестирање на средствата внесени во доброволниот пензискиот фонд и органите надлежни за донесување и спроведување на инвестиционите одлуки, начинот на пресметка и наплата на надоместоците, пресметувањето на трансакционите провизии непосредно поврзани со продавање и купување на средствата на доброволниот пензиски фонд, пресметка на средствата на доброволниот пензиски фонд, внатрешните правила, внатрешна и надворешна ревизија, водење на сметководството на доброволниот пензиски фонд, правото на користење и располагање со средствата на доброволниот пензиски фонд од страна на членовите, ослободување од плаќање, односно поврат на персонален данок на доход, информирање на членовите на доброволниот пензиски фонд, постапката за постапување по поплаки на членовите, начинот на исплата на пензиски надоместок на пензионираните членови и други прашања од интерес за остварување на целите на доброволниот пензиски фонд.**

## II. НАЗИВ, ДЕФИНИРАЊЕ И СЕДИШТЕ НА ДОБРОВОЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

**Член 2**

**Назив на фондот е: "КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд - Скопје" , скратен назив: "Прв доброволен пензиски фонд".**

**Прв доброволен пензиски фонд е отворен инвестиционен фонд и го сочинуваат доброволните придонеси ( во понатамошниот текст: придонеси) уплатени во име и за сметка на членовите, средствата на членовите, средствата на пензионираните членови и приносите од инвестираните придонеси и средства, намалени за надоместоците што се наплатуваат од доброволниот пензиски фонд.**

**Сопственици на Прв доброволен пензиски фонд се неговите членови и пензионирани членови.**

**Седиштето на Прв доброволен пензиски фонд е во Скопје, ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр.6.**

## III. УПРАВУВАЊЕ СО ПРВ ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

**Член 3**

**Со Прв доброволен пензиски фонд од член 2 на овој Статут, управува: КБ Прво друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови А.Д. Скопје (понатаму во текстот: Друштво за управување).**

**Одобрение за управување со Прв доброволен пензиски фонд издава Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување.**

**Седиштето на Друштво за управување е во Скопје, на ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ бр.6.**

**Основната главнина на Друштвото за управување изнесува: 1.800.000,00 евра, во денарска противредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата и е поделена на 1800 обични акции, со номинален износ од 1000 евра, и тоа на:**

**1. Скупина Прва, заваровалнишки холдинг д.д. Љубљана, Република Словенија, 918 обични акции, што претставува 51% од основната главнина; и**

**2. Комерцијална Банка АД Скопје 882 обични акции што претставува 49% од основната главнина.**

## IV. ПРЕСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ПРВ ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

**Член 4**

**Друштвото за управување го претставува и застапува Прв доброволен пензиски фонд пред трети лица.**

## V. ЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ДОБРОВОЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

**Член 5**

**Средствата на Прв доброволен пензиски фонд се доверуваат на чување на чувар на имот, согласно со закон.**

**Чувар на имотот на Прв доброволен пензиски фонд е Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.**

Чуварот на имотот на Прв доброволен пензиски фонд ги врши следните работи:

а) ги чува безбедно сите хартии од вредност кои претставуваат средства на Прв доброволен пензиски фонд;

б) хартиите од вредност кои претставуваат средства на Прв доброволен пензиски фонд како електронски записи ги води на посебна сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност;

в) ги чува документите за порамнување во врска со уплатата на парични средства на банкарската сметка на Прв доброволен пензиски фонд и исплатата на парични средства од банкарската сметка на Прв доброволен пензиски фонд;

г) работи како посредник за порамнување на трансакции со хартии од вредност врз основа на налози од друштвото и ги собира и наплаќа приходите од дивиденди, камати и сите други приходи кои произлегуваат од вложувањата на средствата на Прв доброволен пензиски фонд;

д) осигурува дека договорите во врска со стекнување, инвестирање и пренесување на средствата на Прв доброволен пензиски фонд се во согласност со овој закон, со статутот на Прв доброволен пензиски фонд и со налозите кои произлегуваат од трансакциите на друштвото за управување со пензиски фондови и дека тие налози се во согласност со овој закон;

ѓ) врши пресметка на нето средствата и на сметководствената единица на доброволниот пензиски фонд, ги проверува и потврдува пресметките кои ги извршило Друштвото за управување и е одговорен за точноста на пресметките;

е) врши проверка на усогласеноста на портфолиото на доброволниот пензиски фонд со инвестиционите ограничувања согласно Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и подзаконските акти;

ж) соработува и врши надзор на суб-чуварот на имот;

з) пресметува и уплаќа даноци поврзани со инвестициите и доставува барање за поврат и ослободување од данок; и

ѕ) известува за годишните собранија на акционерите од друштвата и за правата поврзани со сопственоста и ги извршува налозите поврзани со остварување на правата од сопственост.

## VI. ЧЛЕНСТВО ВО ПРВ ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИОТ ФОНД

### Член 6

Членство во Прв доброволен пензиски фонд се воспоставува со:

- со потпишување на договор за членство меѓу лицето и Друштвото за управување и со отварање на доброволна индивидуална сметка
- со потпишување на договор за членство меѓу лицето, физичкото лице кое уплаќа придонес во име и за сметка на лицето (во понатамошниот текст: уплаќач) и Друштвото за управување и со отварање на доброволна индивидуална сметка. Договорот за членство може да се менува со анекс само доколку настане вклучување, промена или исклучување на физичкото лице-уплаќач од договорот.
- со учество во професионална пензиска шема и отварање на професионална сметка или
- со отварање на доброволна индивидуална сметка и доставување на потврда за членство во доброволен пензиски фонд од страна на Друштвото за управување, на член кој има прекин во професионалната пензиска шема, а кој нема доброволна индивидуална сметка.

### Член 7

Членови на Прв доброволен пензиски фонд се:

- физички лица со навршени најмалку 15 години возраст кои склучиле договор за членство во Прв доброволен пензиски фонд и имаат доброволна индивидуална сметка.
- лица кои се учесници во професионална пензиска шема, вклучена во Прв доброволен пензиски фонд врз основа на договор што осигурителот го склучил со Друштвото за управување, имаат потврда за членство од Друштвото за управување кое управува со Прв доброволен пензиски фонд и отворено професионална сметка.

### Член 8

Едно лице може да има само една доброволна индивидуална сметка и една професионална сметка во ист или различен доброволен пензиски фонд.

### Член 9

Формата на потврдата за членство од член 7 став 1 алинеа 2 ја пропишува Агенцијата.

### Член 10

Членот на Прв доброволен пензиски фонд може да премине во друг доброволен пензиски фонд, со склучување на договор за членство со друштвото кое управува со идниот доброволен пензиски фонд и со префрлање на средствата од индивидуална доброволна сметка во Прв доброволен пензиски фонд на доброволната индивидуална сметка во идното друштво.

Друштвото кое управува со идниот доброволен пензиски фонд, во рок од осум работни дена по потпишувањето на договорот доставува до Прв доброволен пензиски фонд копија од договорот за членство и формулар за согласност, односно Изјава за согласност за премин во друг доброволен пензиски фонд.

По приемот на копијата од договорот за членство и формуларот за согласност Прв доброволен пензиски фонд испраќа писмено известување до идното друштво со информација за тоа дали се прифаќа или одбива преминот и информација за надоместокот за премин што членот е должен да го плати согласно Дел IX од овој Статут.

По известување од страна на идното друштво членот има обврска во рок од осум дена да го плати надоместокот за премин и да достави доказ за платениот надоместокот до Прв доброволен пензиски фонд.

Членот на Прв доброволен пензиски фонд е должен да плати паричен надоместок само доколку истиот бил член на постојниот доброволен пензиски фонд во рок помал или еднаков на 360 дена сметано врз основа на бројот на денови од датумот кога членот се стекнал со статус на член во постојниот доброволен пензиски фонд, до датумот на пренос на средствата на доброволна индивидуална или професионална сметка на членот во идниот доброволен пензиски фонд.

Членството во идниот доброволен пензиски фонд започнува од датумот на пренос на средствата од Прв доброволен пензиски фонд на сметката на членот во идниот доброволен пензиски фонд.

По исклучок од став 1 на овој член, член на Прв доброволен пензиски фонд, како учесник во професионална пензиска шема не може да премине во друг доброволен пензиски фонд, во периодот додека е вработен или е член на осигурител.

Во случај кога учесник во професионална пензиска шема премине кај друг осигурител кој организира професионална пензиска шема, средствата од постојната професионална сметка се пренесуваат на професионалната сметка во професионалната пензиска шема организирана од друг осигурител. Учесникот во професионална пензиска шема може да стане член на друга професионална пензиска шема кога новиот осигурител ќе изврши уплата на доброволен придонес на професионална сметка.

### Член 11

Доколку член на Прв доброволен пензиски фонд, кој има доброволна индивидуална сметка престане да уплаќа придонеси во доброволниот пензиски фонд пред пензионирање, тој останува да биде член на Прв доброволен пензиски фонд се до смртта, до премин во друг доброволен пензиски фонд или до остварување право на пензиски надомест и ги има истите права како другите членови на доброволниот пензиски фонд.

## VII УПЛАТУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО ДОБРОВОЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД И НИВНО ЕВИДЕНТИРАЊЕ

### Член 12

Доброволен придонес се уплаќа на посебна парична сметка на Прв доброволен пензиски фонд, која се води кај чуварот на имот.

Доброволниот придонес се распоредува на доброволна индивидуална сметка или професионалната сметка на членот во зависност од начинот на зачленување и по исполнување на условите за членство.

Доброволен придонес се плаќа врз основа на:

- склучен договор за членство помеѓу Друштвото за управување и членот.
- склучен договор за членство помеѓу Друштвото за управување, членот и физичкото лице кое уплаќа доброволен придонес за членот
- склучен договор помеѓу Друштвото за управување и осигурителот

Уплата на доброволен придонес во име и за сметка на член на Прв доброволен пензиски фонд, кој има доброволна индивидуална сметка, може да вршат членот и/или уплаќачот. Уплатата се врши единствено од трансакциска сметка на членот и/или уплакачот.

Уплата на доброволен придонес во име и за сметка на член на Прв доброволен пензиски фонд, кој има професионална сметка, може да врши само осигурителот кој ја организира и финансира професионалната пензиска шема. Уплатата се врши единствено од трансакциска сметка на осиурителот.

Првиот доброволен придонес за лицето кое склучило договор за членство во Прв доброволен пензиски фонд или уплаќачот има право да го уплати по истекот на пет дена од датумот на потпишување на договорот за членство.

Информација за рокот и начинот за првата уплата на доброволен придонес за членот на Прв доброволен пензиски фонд ја доставува Друштвото за управување, преку агентите до членот или уплаќачот.

Доколку биде уплатен првиот доброволен придонес во Прв доброволен пензиски фонд пред истекот на рокот од став 6 на овој член, Друштвото за управување ги враќа уплатените средства на трансакциска сметка на лицето кое го склучило договорот или уплаќачот, следниот работен ден по денот на уплата на средствата.

По исклучок, доколку на денот на прием на средствата Друштвото за управување има евидентирано договор за членство со лицето за кое се однесува уплатата, Друштвото за управување не ги враќа уплатените средства во Прв доброволен пензиски фонд.

Друштвото за управување врши враќање на уплатените придонеси на трансакциската сметка на осигурителот, во номинален износ, доколку истото утврди дека осигурителот уплатил доброволен придонес за лице кое не е вклучено во професионалната пензиска шема. Уплата на доброволен придонес за едно лице е можно да се изврши само преку една професионална пензиска шема.

Кога на членот во Прв доброволен пензиски фонд ќе му престане работниот однос или членство кај осигурителот кој организира пензиска шема, средствата од професионалната сметка на членот се префрлаат на неговата доброволна индивидуална сметка кога:

- се вработува кај работодавец или се зачленува во здружение на граѓани кој не организира професионална пензиска шема;
- се вработува кај работодавец или се зачленува во здружение на граѓани кој организира професионална пензиска шема, но тој не е учесник во шемата или
- не се вработува или се зачленува во здружение на граѓани.

Кога осигурител ќе укине професионална пензиска шема средствата од професионалната сметка на секој член кој е учесник во шемата се пренесуваат на неговата идна професионална сметка од професионална пензиска шема организирана од ист или друг осигурител. Доколку по истек на 90 дена од денот на укинување на професионалната пензиска шема постојниот учесник не стане учесник на друга професионална пензиска шема, средствата од неговата професионална сметка се пренесуваат на негова доброволна индивидуална сметка.

Уплати на добороволен придонес во Прв добороволен пензиски фонд не може да се прават во име и за сметка на лице кое остварило право на пензија согласно со Законот за пензиско инвалидско осигурување, повлекува средства согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување или остварило пензиски надоместок согласно Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување. Доколку член со доброволна индивидуална сметка оствари пензиски надоместок согласно Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, осигурител може да уплаќа придонеси на неговата професионална сметка.

Уплати на доброволен придонес во Прв доброволен пензиски фонд не може да се прават во име и за сметка на лице кое навршило 70 годишна возраст.

### Член 13

Друштвото за управување ги распоредува доброволните придонеси на доброволните индивидуални сметки и на професионалните сметки во зависност од начинот на зачленување.

### Член 14

За евиденција на доброволните индивидуални сметки и професионални сметки и средствата на Прв доброволен пензиски фонд, Друштвото за управување користи сметководствени единици.

Претварањето на средствата од придонесите во сметководствени единици Друштвото за управување го врши на датуми пропишани од Агенцијата, врз основа на вредноста на сметководствената единица на тој датум.

Друштвото за управување ја определува вредноста на сметководствената единица согласно закон и другите прописи од областа на капиталното финансирано пензиско осигурување.

### Член 15

Друштвото за управување води целосна и ажурна евиденција за доброволните индивидуалните сметки и за професионалните сметки за секој член и пензиониран член и за посебната сметка на Прв доброволен пензиски фонд, за уплатените доброволни придонеси, односно исплатени и пренесени средства, бројот на сметководствените единици на сметката и вредноста на сметката како и други податоци утврдени со закон.

### Член 16

Средствата на Прв доброволен пензиски фонд се целосно одвоени од средствата на Друштвото за управување и не можат да бидат предмет на побарување, ниту врз нив може да биде спроведено извршување од страна или за сметка на доверител.

Средствата на Прв доброволен пензиски фонд се целосно одвоени од средствата на задолжителните пензиски фондови со кои управува Друштвото.

Друштвото за управување ја доверува одговорноста за чување на средствата на Прв доброволен пензискиот фонд на чувар на имот, за што со него склучува посебен договор.

## VIII. ИНВЕСТИЦИОНА ПОЛИТИКА

### Член 17

Средствата на Прв доброволен пензиски фонд се инвестираат согласно закон и други прописи од областа на доброволното капиталното финансирано пензиско осигурување и со Инвестиционата стратегија и Инвестиционата тактика донесени од Управниот одбор на Друштвото за управување, а потврдени од Надзорниот одбор.

Орган за донесување на одлуките за инвестирање на средствата на Прв доброволен пензиски фонд е Управниот одбор.

Управниот одбор ги разгледува и прифаќа извештаите за инвестирање на средствата на Прв доброволен пензиски фонд на месечно ниво.

Управниот одбор формира Инвестиционен одбор со Одлука за формирање на Инвестиционен Одбор.

Инвестициониот одбор е советодавно стручно тело кое врз основа на движењата и состојбите на финансискиот пазар и анализа на финансиските инструменти дава предлози на Управниот одбор за инвестирање на средствата на доброволниот пензиски фонд во одделни финансиски инструменти.

### Член 18

Тргувањето со хартии од вредност на Прв доброволен пензиски фонд од страна на Друштвото за управување ќе се врши на регулирани секундарни пазари, на пазари преку шалтер и на примари пазари за инструменти кои ги исполнуваат условите од законот и прописите донесени од страна на Агенцијата.

### Член 19

Во однос на квалитетот на акциите, обврзниците и другите хартии од вредност во кои може да се вложат средствата на Прв доброволен пензиски фонд и државите или групите на држави во кои може да се инвестираат средствата на Прв доброволен пензиски фонд, Друштвото за управување ќе ги применува прописите со кои се уредуваат овие прашања.

Исто така, Друштвото за управување, при инвестирањето на средствата на Прв доброволен пензиски фонд ќе ги применува и прописите донесени од страна на Агенцијата со кои се уредуваат условите кои мора да ги исполнуваат издавачите на хартиите од вредност и регулираните секундарни пазари на капитал.

### Член 20

Инвестирањето на средствата на Прв доброволен пензиски фонд, Друштвото за управување ќе ги врши со цел остварување највисок принос единствено во корист на членовите и пензионираните членови на Прв доброволен пензиски фонд и преку диверзификација и финансиска анализа да се минимизира ризикот од загуби:

а) кои настанале поради неплаќање на издавачот или другата договорна страна

б) кои произлегуваат од влијанието на домашните и странски финансиски пазари

в) во реалната вредност на средствата на доброволниот пензиски фонд поради инфлација и

г) кои се последица од продажба на средствата на доброволниот пензиски фонд поради обезбедување на ликвидност на доброволниот пензики фонд.

Членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор во Друштвото за управување при управување и контролата на инвестирањето на средствата на доброволниот пензиски фонд се должни да применуваат степен на грижа, делотворност и вештини кои би ги применувал разумен човек при инвестирање на сопствените средства.

### Член 21

Структурата на инвестициите Друштвото за управување ќе ја прилагодува на фактичката состојба на пазарот и конкретните инвестициони состојби, со цел да се остварат стабилни и високи приноси во Прв доброволен пензиски фонд.

### Член 22

Средствата на Прв доброволен пензиски фонд можат да се инвестираат само во следните видови инструменти:

а) банкарски депозити во банки кои имаат дозвола издадена од Народната банка на Република Македонија, доколку носат камата;

б) обврзници и други хартии од вредност што ги издала или за кои гарантира Народната банка на Република Македонија;

в) сертификати за депозит, комерцијални записи и обврзници издадени или гарантирани од банки кои имаат дозвола издадена од Народната банка на Република Македонија;

г) хартии од вредност врз основа на хипотека издадени од банки кои имаат дозвола издадена од Народната банка на Република Македонија;

д) обврзници и други хартии од вредност што ги издава или за кои гарантира Република Македонија на домашниот пазар;

ѓ) акции од домашни акционерски друштва кои не се затворени инвестициони фондови издадени врз основа на одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и кои котираат на официјалниот пазар или се тргуваат на пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување во рамките на редовниот пазар на берзата на хартии од вредност или на друг организиран пазар на хартии од вредност во Република Македонија што го контролира Комисијата;

е) обврзници издадени врз основа на одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и кои котираат на официјалниот пазар на берзата на долгорочни хартии од вредност или на друг организиран пазар на хартии од вредност во Република Македонија што го контролира Комисијата, издадени од единиците на локалната самоуправа и од домашни акцинерски друштва кои не се банки;

ж) комерцијални записи издадени од акционерски друштва во Република Македонија кои не се банки;

з) документи за удел и акции на инвестициони фондови во Република Македонија кои имаат одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија;

ѕ) обврзници и други хартии од вредност издадени од странски влади и централни банки на земјите членки на Европската унија и земјите членки на ОЕЦД;

и) должнички хартии од вредност издадени од Европската централна банка, Европската инвестициона банка и Светската банка;

ј) должнички хартии од вредност кои имаат рејтинг препорачлив за инвестирање според меѓународни кредитни рејтинг агенции, издадени од единиците на локалната самоуправа, недржавни, странски компании или банки од земјите членки на ЕУ и земјите членки на ОЕЦД;

к) акции издадени од странски компании или банки кои имаат рејтинг препорачлив за инвестирање според меѓународни кредитни рејтинг агенции, со кои се тргува на главните берзи во земјите членки на ЕУ и земјите членки на ОЕЦД;

л) документи за удел, акции и други инструменти издадени од овластени отворени и затворени инвестициони фондови со седиште во земја членка на ЕУ и земјите членки на ОЕЦД,;

љ) друг вид на вложување согласно актите на Агенцијата, под услов тоа да не е во спротивност со Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

Вложувањата во одделни видови инструменти согласно со став 1 од овој член подлежат на следниве ограничувања:

а) најмногу 50% од вредноста на средствата на Прв доброволен пензиски фондможат да се вложуваат во инструменти на странски издавачи на финансиски инструменти надвор од

Република Македонија. Во рамките на ова ограничување најмногу 30% од вредноста на средствата на Прв доброволен пензиски фонд можат да се вложуваат во инструменти наведени во став 1 точки ј), к) и л) од овој член;

б) најмногу 80% од вредноста на средствата на Прв доброволен пензиски фонд можат да се вложат во инструменти наведени во став 1 точки б) и д) од овој член;

в) најмногу 60% од вредноста на средствата на Прв доброволен пензиски фонд можат да се вложат во инструментите од став 1 точки а), в) и г) на овој член;

г) најмногу 40% од вредноста на средствата на Прв доброволен пензиски фонд можат да се вложат во инструментите наведени во став 1 точки е) и ж) од овој член. Во рамките на ова ограничување најмногу 10% од вредноста на средствата на Прв доброволен пензиски фонд можат да се вложуваат во обврзници издадени од единиците на локалната самоуправа.

д) најмногу 30% од вредноста на средствата на Прв доброволен пензиски фонд можат да се вложат во инструментите наведени во став 1 точка ѓ) од овој член и

ѓ) најмногу 5% од вредноста на средствата на Прв доброволен пензиски фонд можат да се вложат во инструментите наведени во став 1 точка з) од овој член.

## IX. НАДОМЕСТОЦИ И ТРОШОЦИ

### Член 23

Согласно законот, актите донесени од страна на Агенцијата и овој Статут предвидени се следните надоместоци и трошоци на товар на Прв доброволен пензиски фонд: надоместок од придонеси, надоместок за покривање на трошоците на Друштвото за управување и трансакциони провизии.

### Член 24

Друштвото за управување од секој поединечен член кој има доброволна индивидуална, односно професионална сметка во Прв доброволен пензиски фонд ги наплаќа следните надоместоци:

- надоместок заснован на износот на уплатените придонеси во Прв доброволен пензиски фонд (надоместок од придонеси) во износ од 2,9% од уплатените придонеси пред нивно претварање во сметководствени единици. Надоместокот од придонеси ќе се пресметува како процент од секој уплатен придонес во доброволниот пензиски фонд, пред нивно претворање во сметководствени единици.
- месечен надоместок во висина на 0,075% од вредноста на нето средствата на доброволниот пензиски фонд, за покривање на трошоците на Друштвото за управување (надоместок за покривање на трошоците на Друштвото за управување). Пресметката на надоместокот се врши како процент од нето средствата на фондот на секој датум на проценка на средствата на доброволниот пензиски фонд и се наплатува еднаш месечно.

По исклучок од став 1 алинеа 1 на овој член надоместокот од придонеси за членовите на Прв доброволен пензиски фонд кои се учесници на професионална пензиска шема се определува со договори склучени помеѓу осигурителот и Друштвото за управување.

Друштвото за управување наплаќа надоместок за премин на член на Прв доброволен пензиски фонд во друг доброволен пензиски фонд во случаи утврдени со закон.

Надоместокот од придонеси, надоместок за покривање на трошоците на Друштвото за управување и надоместокот за премин, Друштвото за управување ги наплатува во ист процент од сите членови на КБ Прв доброволен пензиски фонд, освен во случај на членови кои се учесници во професионална пензиска шема.

Во однос на начинот на пресметка и времето на плаќање на надоместоците на друштвата, се применуваат прописите донесени од страна на Агенцијата.

### Член 24-а

Друштвото за управување од корисниците на пензиски надоместок од Прв доброволен пензиски фонд со програмирани повлекувања, еднократна исплата и повеќекратни исплати наплаќа месечен надоместок во висина на 0,075% од вредноста на вкупните нето средства на доброволниот пензиски фонд (надоместок за управување со средствата).

Друштвото за управување може да наплатува трансакциски трошоци за исплата на пензиите преку програмирани повлекувања.

### Член 25

Висината на надоместокот за премин е определена со износите наведени во табелата, кои се определени врз основа на бројот на денови од датумот кога членот се стекнал со статус на член во постојниот доброволен пензиски фонд до датумот на пренос на средствата на доброволна индивидуална или професионална сметка на членот во идниот доброволен пензиски фонд:

| Број на денови | Износ на надоместок за премин |
|---|---|
| Број на денови ≤360 | 10 Евра |
| Број на денови> 360 | не се плаќа надоместок за премин |

Износот на надоместокот од став 1 на овој член се пресметува во денарска противвредност на еврото по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата на средствата.

### Член 26

Месечниот надоместок што го наплаќа Агенцијата од друштвата за управување и надоместок за работите што ги врши чуварот на имотот се на товар на Друштвото за управување.

### Член 27

Трошоците по основ на трансакционите провизии во врска со трансакции за стекнување или пренос на средствата на пензискиот фонд се плаќаат од средствата на членовите и пензионираните членови на Прв доброволен пензиски фонд.

Трансакционите трошоци се пресметуваат како процент од секоја извршена трансакција со средствата на доброволниот пензиски фонд и се одбиваат од средствата на фондот. Трансакционата провизија се пресметува и наплаќа врз основа на договорот со правното лице кое ја врши услугата со хартиите од вредност, кое е избрано според постапка пропишана со Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

Заради обезбедување на конкуренција во делот на трансакционите провизии што ги наплатуваат домашните правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност, изборот се врши врз основа на најповолна понуда на висината на трансакционите провизии кои ќе ги наплаќа домашното правно лице кое врши услуги со хартии од вредност за извршувањето на своите услуги, доколку ги исполнило критериумите предвидени со Правилникот за потребниот обем на тргување и неопходната кадровска, техничка и организациона оспособеност на домашните правни лица кои можат да бидат избрани за вршење на услуги со хартии од вредност.

Друштвото за управување е должно да врши контрола на провизиите што се исплаќаат на правното лице кое ја врши

услугата со хартиите од вредност од средствата на Доброволниот пензиски фонд со кој управува Друштвото.

## X. ПРОЦЕНКА НА НЕТО СРЕДСТВАТА НА ДОБРОВОЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

### Член 28

Друштвото за управување врши проценка на средствата на доброволниот пензискиот фонд секој ден согласно закон и Правилникот за проценка на средствата на задолжителните и доброволните пензиски фондови и апликативното решение изготвено согласно наведените прописи за информативна подршка на проценка на средствата.

Вредноста на нето средствата на доброволниот пензиски фонд се утврдуваат со одземање на обврските на пензискиот фонд, освен обврските кон членовите и пензионираните членови на пензискиот фонд, од вредноста на средствата на пензискиот фонд.

## XI. ВНАТРЕШНИ ПРАВИЛА, ВНАТРЕШНА И НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА

### Член 29

Друштвото за управување заради доследна примена на законите и другите прописи со посебни правила го уредува однесувањето и работењето на друштвото во врска со управувањето и инвестирањето на средствата на доброволниот пензиски фонд, на работењето со доброволните индивидуални и професионални сметки и избегнувањето на конфликти на интереси при инвестирање на средствата на доброволниот пензискиот фонд.

### Член 30

Друштвото за управување со доброволни пензиски фондови, воспоставува посебна организациона единица - Внатрешна ревизија, која за својата работа одговара на Надзорниот Одбор на Друштвото. Внатрешната ревизија врши постојана и целосна контрола на законитоста и ажурноста на работењето, следењето на прописите и внатрешните процедури и политики, давајќи мислење за генералната ефективност на системот на внатрешни контроли и управување со ризиците, оцена на системите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, како и давање на препораки до менаџментот, за унапредување на истите.

### Член 31

Заради заштита на интересите на членовите и пензионираните членови на Прв доброволен пензиски фонд и избегнување на кофликт на интереси, средствата на Прв доброволен пензиски фонд Друштвото за управување нема да ги продава на самото себе, на задолжителниот пензиски фонд со кој управува, на чувар на имот, на странските менаџери на средства, на осигурителите кои имаат професионални пензиски шеми вклучени во Прв доброволен пензиски фонд и поврзаните лица определени во Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, ниту пак да купува со средствата на Прв доброволен пензиски фонд од средствата на наведените лица, освен по пат на трансакција извршена преку берза на хартии од вредност овластена од страна на Комисијата за хартии од вредност на РМ, односно соодветен надлежен оган во случај на инвестирање на средствата во странство кога не знае или не претпоставува кој е купувачот, односно продавачот.

Во случаите кои не се опфатени со став 1 од овој член избегнувањето на конфликт на интереси Друштвото за управување ќе го решава преку воспоставување на обврска на лицата кои одлучуваат или пак учествуваат во изготвувањето и предлагањето на одделни акти и други материјали, пред одлучување, изготвување, предлагање и слично да го пријават секој интерес или поврзаност дури и на посреден начин со деловната активност на Друштвото за управување, поврзана со средствата на Прв доброволен пензиски фонд.

### Член 32

Друштвото за управување со доброволни пензиски фондови ќе избере меѓународна независна надворешна ревизорска куќа, која ќе спроведе независно испитување на финансиските извештаи и финансиските информации на Доброволниот пензиски фонд, со цел да се изрази мислење во врска со нивната вистинистост и непристрасност, и нивната усогласеност со признаените Меѓународни сметководствени стандарди, и Меѓународните стандарди за финансиско известување.

## XII. ЕТИЧКИ ПРАВИЛА

### Член 33

Друштвото за управување, во управувањето со средствата на доброволниот пензиски фонд ќе се раководи од принципите: справедливост, чесност и грижливост кои средствата на доброволниот пензиски фонд, транспарентност во управувањето со средствата, со една единствена цел остварување на интересите на членовите и пензионираните членови на доброволниот пензиски фонд.

### Член 34

Во управувањето со средствата на Прв доброволен пензиски фонд Друштвото за управување ќе постапува со внимание на уреден и совесен трговец, користејќи ги притоа најдобрите вештини и искуство на деловните активности во сферата на управување со средствата на пензиски фондови.

## XIII. ВОДЕЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВОТО НА ДОБРОВОЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

### Член 35

Друштвото за управување, сметководството на Прв доброволен пензиски фонд ќе го води во согласност со законите и другите прописи од областа на капиталното финансирано пензиско осигурување и со меѓународните сметководствени стандарди.

## XIV. ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СРЕДСТВАТА НА ДОБРОВОЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД ОД СТРАНА ЧЛЕНОТ НА ДОБРОВОЛНИОТ ПЕНЗИСКИ ФОНД

### Член 36

Средствата од сметката на членот и на пензионираниот член на Прв доброволен пензиски фонд се дел од неговиот личен имот.

Средствата од став 1 на овој член, не може да се користат во постапка на порамнување или стечај, не може да се даваат под залог, асигнација или да се пренесуваат во полза на трети лица, освен кога тоа е утврдено со закон или овој статут.

Во случај на смрт на член на Прв доброволен пензиски фонд, средствата од сметката на членот стануваат дел од оставинската маса на оставителот и со истите се постапува во согласност со Законот за наследување.

### Член 37

Членот на Прв доброволен пензиски фонд има право на пензиски надоместок од акумулираните средства на неговата сметка. Ова право, членот го стекнува најрано 10 години пред достигнување на возраст за стекнување на старосна пензија согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Правото на пензиски надоместок членот на Прв доброволен пензиски фонд го остварува преку личен избор и тоа за:

а) исплата на вкупниот износ на неговата сметка, еднократно или повеќекратно;

б) купување на пензиски ануитет кој се исплаќа до крајот на животот од друштво за осигурување овластено за оваа цел;

ц) програмирани повлекувања обезбедени од Друштвото на управување со кое членот склучил договор за програмирани повлекувања по пензионирањето или

д) комбинација на опциите наведени во точките а), б) и ц) од овој став.

Доколку износот кој се наоѓа на сметката на членот е помал од износот пропишан од Агенцијата, членот има право само на пензиски надомест од став 1 точка а) на овој член.

Членот, изборот на правото од став 2 на овој член должен е да го направи најдоцна до 70 години возраст.

При избор на ануитет, членот на Прв доброволен пензиски фонд треба да избере ануитет што ќе содржи по една карактеристика од секој вид на ануитет, и тоа:

- поединечни и заеднички ануитети;
- доживотни и привремени ануитети;
- непосредни и одложени ануитети;
- со гарантиран период или без гарантиран период и
- фиксни ануитети, варијабилни ануитети или фиксни ануитети со учество во добивката.

Корисникот на пензија, во случај на комбиниран пензиски надоместок, одлучува на колку видови надоместоци ќе се поделат средствата на неговата сметка и го определува делот за секој од видовите.

Програмираните повлекувања можат да се користат како:

- доживотни програмирани повлекувања и
- привремени програмирани повлекувања.

За исплата на средствата од доброволна индивидуална/професионална сметка преку ануитет (без разлика на карактеристиките на ануитетот што корисникот на пензија ќе ги избере), корисникот на пензиски надоместок потпишува полиса за ануитет со друштво за осигурување, за исплата на средствата преку програмирани повлекувања, еднократни или повеќекратни исплати, потпишува договор со пензиско друштво. Во случај на исплата на средствата преку комбинација од опции за исплата што ги нуди пензиско друштво и опции што ги нуди друштво за осигурување, корисникот потпишува и договор со пензиско друштво и полиса со друштво за осигурување.

Полисата за ануитет е нераскинлив договор. Друштвото за осигурување не смее да ја раскине полисата за ануитет ниту во случај на согласност на и од корисникот на пензија и од друштвото за осигурување;

Корисникот на пензија може во секој момент да го замени програмираното повлекување обезбедено од едно пензиско друштво со користење на преостанатите расположливи средства од доброволната индивидуална и/или професионална сметка за купување програмирани повлекувања од друго пензиско друштво, купување на ануитет од друштво за осигурување или со еднократна или повеќекратна исплата од пензиското друштво;

Корисникот на пензија може да ја замени повеќекратната исплата со користење на преостанатите расположливи средства од доброволната индивидуална и/или професионална сметка за купување ануитет од друштво за осигурување, купување на програмирани повкувања од пензиско друштво, со повеќекратна исплата од друго пензиско друштво или со еднократна исплата.

### Член 37-а

Висината на исплатата на доживотните програмирани повлекувања прв пат се пресметува на денот на остварување на пензискиот надоместок и повторно се пресметува на секои 12 месеци од Друштвото за управување.

При првата пресметка на програмираните повлекувања Друштвото за управување е должно да ги користи следните параметри: вкупниот износ на средствата на сметката, ануитететен фактор за поединечна пензија, возраст на корисникот на пензискиот надоместок и пазарната стапка на принос. При повторната пресметка на програмираните повлекувања Друштвото за управување е должно да ги користи следните параметри: новиот износ на средства на сметката, новиот ануитетен фактор за поединечна пензија, новата возраст на корисникот на пензиски надоместок и новите услови на пазарна стапка на принос.

Друштвото за управување е должно програмираните повлекувања да ги исплатува месечно, не подоцна од 25-ти во месецот за претходниот месец, со пренос на средствата на трансакциска сметка на корисникот на пензиски надоместок.

Насоки за пресметки на програмираните повлекувања и проверка дали направените пресметки и користените таблици на смртност и каматни стапки се пресметани во согласност со закон и подзаконските акти, дава и врши овластениот актуар на Друштвото за управување.

### Член 37-б

Еднократна исплата се врши со еднократно повлекување на сите средства од доброволна индивидуална или професионална сметка на член на Прв доброволен пензиски фонд.

Повеќекратна исплата е повлекување на средства од доброволна индивидуална или професионална сметка на член на Прв доброволен пензиски фонд на неколку еднакви или различни рати во еднакви или различни периоди, се додека средствата на сметката не се потрошат. Со последната рата се исплатуваат сите средства од сметката. При определувањето на износите, бројот и периодите на исплатите не се користат таблици на смртност.

### Член 37-в

Членот на Прв доброволен пензиски фонд кој остварил право на пензија согласно закон поднесува барање за стекнување право на пензиски надоместок до Прв доброволен пензиски фонд. Доколку членот има доброволна индивидуална сметка и професионална сметка, може да бара спојување на средствата на двете сметки при што, доколку сметките се во два различни доброволни пензиски фонда управувани од две различни друштва, барањето се доставува до едно од пензиските друштва.

Доколку членот ги исполнил условите за право на пензиски надоместок, Друштвото за управување издава потврда за висината на средствата на неговата доброволна индивидуална и/или професионална сметка и определува идентификациски број за котација.

Членот може да одлучи да побара котација во Центарот за котација за избор на пензиски надоместок, лично или преку Друштвото за управување и да побара од Друштвото за управување идентификациски број за котација при што доколку членот одлучи лично да побара котација од Центарот за котација тогаш ја користи потврдата за висината на средствата на неговата доброволна индивидуална и/или професионална сметка издадена од Друштвото за управување.

Доколку пак, членот одлучи да побара котација преку Друштвото за управување тогаш, писмено го овластува друштвото за барање на котација во кое ги наведува видовите на пензиски надоместоци и го определува делот на средствата на доброволната индивидуална и/или професионална сметка за секој од деловите наведени во опциите што ги побарал.

Во рок од 5 дена од приемот на барањето за котација, Друштвото за управување е должно да поднесе барање за котација до Центарот за котација.

Пензиските друштва се должни да доставаат понуди во Центарот за котација за сите видови на пензиски надоместок побарани од членот, додека пак друштвата за осигурување немаат обврска да презентираат понуди или пак може да презентираат понуди за еден или повеќе видови на пензиски надоместок што членот ги побарал во барањето за котација. Понудите од пензиските друптва и друштвата за осигурување треба да бидат презентирани во рок од 5 дена преку Центарот за котација или пак лично на членот.

Друштвото за управување доставува до членот копија од збирната табела што е заверена и потпишана од Друштвото за управување.

По вака доставената табела, членот врши избор на видот на исплатата на средствата од неговата сметка. Друштво за осигурување и пензиско друштво не смее да одбие склучување на договор или полиса за ануитет со член кој ја одбрал неговата понуда.

Член на доброволен пензиски фонд не е должен да избере понуда добиена преку Центарот за котација и може да бара котација преку Центарот за котација во неограничен број.

Доколку членот одлучи да не побара котација во Центарот за котација поднесува барање до Друштвото за управување за исплата на средствата преку програмирани повлекувања, еднократно или повеќекратно.

Член 38

Кога кај член на Прв доброволен пензиски фонд е утврдена општа неспособност за работа од страна на Комисијата за оцена на работната способност при Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, тој има право, без оглед на возраста, да избере една од можностите за пензиски надомест, наведени во член 37 став 1 на овој Статут.

Член 39

Во случај на смрт на член или на пензиониран член на Прв доброволен пензиски фонд, средствата од сметката на тој член стануваат дел на оставинска маса на оставителот и со тие средства се постапува согласно со Законот за наследување.

## XV. ОДАНОЧУВАЊЕ

Член 40

На доброволните придонеси уплатени од страна на осигурител за своите вработени
и членови не се пресметува и плаќа персонален данок на доход. Износот на ослободувањето за една календарска година не може да биде поголем од четири просечни
месечни бруто плати во Републиката, објавени за претходната година, по вработен или член.

Членот на Прв доброволен пензиски фонд кој уплаќа сопствени средства во пензискиот фонд кои се претходно оданочени, има право на поврат на персоналниот данок на доход пресметан на износот на уплатениот придонес во доброволниот пензиски фонд. Износот на кој се пресметува повратот за една календарска година не може да биде поголем од четири просечни месечни бруто плати во Републиката, објавени за претходната година.

Членот на Прв доброволен пензиски фонд за средствата уплатени на негова индивидуална сметка од физичко лице, кои се претходно оданочени, има право на поврат
на персоналниот данок на доход пресметан на износот на уплатениот придонес во Прв доброволен пензиски фонд. Износот на кој се пресметува повратот за една календарска
година не може да биде поголем од четири просечни бруто месечни плати во Републиката, објавени за претходната година.

Повратот на персоналниот данок на доход на членовите од ставовите 2 и 3 на
овој член се врши на годишно ниво директно на доброволната индивидуална сметка на членот на пензискиот фонд со доставување на барање за поврат на данок од страна на членот или физичкото лице за сметка на членот.

Член 41

Приходите од инвестирање на средствата на Прв доброволен пензиски фонд не се оданочуваат.

Член 42

Услугите од доброволното капитално финансирано пензиско осигурување се ослободени од данок на додадена вредност.

## XVI. ИЗВЕСТУВАЊА И ИНФОРМИРАЊЕ

Член 43

Друштвото за управување најдоцна до 31 март секоја тековна година, објавува информативен проспект за Прв доброволен пензиски фонд со состојба на 31 декември претходната година, со податоци пропишани од страна на Агенцијата, во еден од дневните весници: Нова Македонија Слободен печат, Независен весник и Вечер.

Друштвото за управување најдоцна до 31 март секоја тековна година, објавува информативен проспект за Прв доброволен пензиски фонд со состојба на 31 декември претходната година, со податоци пропишани од страна на Агенцијата, на својата интернет страна.

Друштвото за управување редовно, а најмалку еднаш годишно ги информира во писмена форма членовите и пензионираните членови на Прв доброволен пензиски фонд за состојбата на средствата на нивните доброволни индивидуални и професионални сметки, за датумите на уплата на придонесите и на преносот на средствата за членот на тој фонд во текот на односниот период и за претворањето на придонесите и пренесените средства во сметководствени единици.

Најмалку еднаш годишно, Друштвото доставува податоци до секој член и пензиониран член на Прв доброволен пензиски фонд за вредноста и учеството на средствата на пензискиот фонд инвестирани во одделен вид на средства, вклучувајќи и податоци за издавачот на односната хартија од вредност, на последниот датум на процена заклучно со 31 декември секоја година, трансакционите провизии кои ги платило Друштвото во периодот од последниот извештај и за просечниот износ на таквите трошоци по една сметководствена единица.

Известувањата од став 3 и 4 од овој член, по претходна писмена согласност од членот, пензионираниот член односно осигурителот, наместо во писмена форма може да се доставуваат и во електронска форма.

Член 44

Друштвото за управување согласно закон, задолжително ги доставува сите потребни информации, извештаи и друга документација до Агенцијата.

Член 45

Друштвото за управување покрај известувањето и информирањето наведено во член 43 и 52 и прописите од областа на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување, членовите и пензионираните членови на Прв доброволен пензиски фонд редовно ќе ги информира преку средствата за информирање (медиуми, радио и дневни весници) и Веб страната на Друштвото за управување, за сите важни и значајни прашања што се однесуваат за членовите на Прв доброволен пензиски фонд.

## XVII. ПОПЛАКИ ОД ЧЛЕНОВИ НА ДОБРОВОЛНИОТ ПЕНЗИСКИОТ ФОНД

**Член 46**

Членовите и пензионираните членови на Прв доброволен пензиски фонд можат заради остварување на своите права во случај на одделни пропусти, недоразбирања или повреди на нивните права, до Друштвото за управување да достават писмена поплака за работата на Друштвото, односно вработениот во Друштвото за управување.

Друштвото за примените поплаки води посебен регистар во кој задолжително се наведува основот на поплаката.

При разгледувањето на секоја примена поплака, Друштвото за управување ќе и пристапи со особено внимание и грижливост.

**Член 47**

Поплаката согласно актот донесен од страна на Друштвото за управување веднаш, а најдоцна во рок од три дена ја разгледува и испитува лице задолжено за испитување на поплаката.

За утврдената состојба писмено се известува членот, односно пензионираниот член на Прв доброволен пензиски фонд кој против ваквото известување доколку не е задоволен има право на жалба до Управниот одбор на Друштвото во рок од 8 дена.

**Член 48**

Доколку во постапката на испитување на поплаката се откријат одредени нерегуларности Друштвото за управување за тоа ја известува Агенцијата.

**Член 49**

Начинот на прием на поплаките, постапката и другите прашања сврзани со поплаките Друштвото за управување ги уредува со посебен акт.

## XVIII. ДЕЛОВНА ТАЈНА

**Член 50**

Под деловна тајна се подразбираат сите податоци и документи што се сврзани со работењето на Друштвото за управување, така што секое нивно изнесување би било спротивно на интересите на Друштвото за управување и членовите на Прв доброволен пензиски фонд, или пак со закон или друг пропис е утврдено дека се сметаат за деловна тајна.

Како деловна тајна за Друштвото за управување особено се сметаат:

- податоците за членовите и пензионираните членови;
- податоците за доброволните индивидуални и професионални сметки на членовите и пензионираните членови на доброволниот пензиски фонд;
- други податоци за членовите и пензионираните членови на доброволниот пензиски фонд;
- одлуките за инвестирање на средствата на доброволниот пензиски фонд.

Со наведените податоци располага единствено Друштвото за управување, Агенцијата и други субјекти утврдени со закон.

**Член 51**

Членовите на органите на управување и надзор на Друштвото за управување, вработените, како и другите лица кои вршат повремени работи врз основа на договор, се должни да ја чуваат деловната тајна.

Лицата наведени во став 1 на овој член не смеат доверливите информации да ги користат за стекнување на имотна корист за себе или друг и секоја повредата повлекува материјална и друга одговорност.

За остварување на целта понапред наведена Друштвото за управување ќе донесе посебни правила за спречување на изнесување на деловна тајна и користење на информациите определени како деловна тајна.

Друштвото за управување ќе обезбеди и техничка заштита на податоците определени како деловна тајна преку заштита на податоците во компјутерскиот систем и контролен пристап до системот.

## XIX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 52**

Измена на овој Статут се врши на предлог на Друштвото за управување, за што согласност дава Надзорниот одбор и Агенцијата.

За секоја измена и дополнување на Статутот на доброволниот пензиски фонд навреме се известуваат членовите и пензионираните членови преку објава на информација за извршените измени и дополнувања на Статутот во еден од најтиражните дневни весници.

**Член 52-а**

Центарот за котација од член 37-в ќе се основа во рок од три месеци од денот на издавањето на првата дозвола за вршење на работи на осигурување во класата на анyитети и исплатува анyитети за корисници на пензија.

До основање на Центарот за котација собирањето и презентирањето на понудите за пензиските надоместоци од трет столб ќе се извршува од пензиското друштво кое управува со доброволниот пензиски фонд каде членот има доброволна индивидуална/професионална сметка.

**Член 52-б**

Членот 5 ст.2 од овој Статут ќе се применува почнувајќи од 03.10.2018 година.

До денот на примена на членот 5 ст. 2 од Статутот чувар на имотот на Прв доброволен пензиски фонд е НЛБ Банка АД Скопје.

**Член 53**

Овој Статут на Прв доброволен пензиски фонд влегува во сила со денот на утврдувањето.

**Член 54**

(член 3 од Одлуката за измена и дополнување на Статутот на КБ Прв отворен доброволен пензиски фонд – Скопје бр.02-6919/3 од 03.12.2018 година)

Измената на членот 2 ст.4 од Статутот и измената од членот 3 ст.3 од Статутот ќе започнат да се применуваат почнувајќи од 25.03.2019 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР НА КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ**
**Весна Стојановска**

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО ... Скопје